Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 112, 5 ноември 2013 година

ноември 2013 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област трасфузиологија Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 3

**РЕФЕРАТ** за зизбор на наставник во сите звања од наставно-научната област животна средина на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 8

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања од наставно-научната област животна средина на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ...17

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно - научната област механика на карпи и тлото на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ...28

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање насловен вонреден професор во наставно-научната област казнено право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ...34

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област моделирање симулација и анализа на комплексни контролни системи и компјутерска контрола на комплексни индустриски процеси на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ...56

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звањето редовен професор за наставно-научната област физика и физика на кондензирана материја на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ...67

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 84

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област менаџмент на економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 93

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Улогата на јавниот долг во јавните финансии“ (скрипта) од авторот д-р Стеван Габер, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ...117

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Осигурување” од авторите: проф. д-р Ристо Фотов Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип и м-р Катерина Фотова, НЛБ-Тутунска банка ад Скопје ...121

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на скриптата „Проектен менаџмент“ од доц. д-р Мишко Џидров и асс. м-р Емилија Ристова од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ...124

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Интернет технологии“ од авторот доц. д-р Наташа Коцеска од Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ...126

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ...128

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ НА СКРИПТАТА „ПРОЕКТЕН МЕНАЏМЕНТ“ ОД ДОЦ. Д-Р МИШКО ЏИДРОВ и АСС. М-Р ЕМИЛИЈА РИСТОВА ОД МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на Одлука број 2702-63/8 на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, од 9.10.2013 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Радмил Поленаковиќ – редовен професор на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје,
– проф. д-р Дејан Мираковски – вонреден професор на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

со задача да изготви и достави писмен извештај (рецензија) на скриптата „ПРОЕКТЕН МЕНАЏМЕНТ“ од доц. д-р Мишко Џидров и асс. м-р Емилија Ристова од Машински факултет.

Комисијата во горенаведениот состав направи детална анализа и преглед на скриптата и го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Доставениот ракопис содржи поглавја коишто во целост кореспондираат со Наставниот план и програма на Машинскиот факултет и се изучуваат по предметот Проектен менаџмент. Предметот за којшто е наменета скриптата е дел од првиот циклус студии и се слуша во трета година, во шести семестар на студиската програма Транспорт, организација и логистика, на тригодишни и четиригодишните студии. Неделен фонд на часови за тригодишните студии е 2+2+1 (6 кредити), а на четиригодишните студии е 2+2+2 (8 кредити). Скриптата е приспособена според наставната програма, а исто така може да ги задоволи и потребите на сите студенти кои имаат потреба од подетални знаења неопходни за водење на проекти. Ракописот кој е доставен претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат сознанија потребни за предметната материја, но и ќе може целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

Скриптата содржи 150 страници текст, поделен на 8 практични дела, напишана на А4 формат, со ред во фонт Ariel, со големина на буквите 12, со македонска поддршка. Текстот содржи слики и табели со кои се прикажани принципите, техниките и соодветни примери од менаџирањето на проекти.

Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на трудот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност“ на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Јазикот на кој е напишана скриптата е јасен и разбирлив, а дефинициите на поимите во него се технички прецизни.

Во осумте поглавја на овој труд е дефинирано што е проектен менаџмент, историја на истиот и проектниот менаџмент во денешно време. Преку споредба на функционална и проектна работа е прикажана потребата од проектниот менаџмент во денешниот свет. Посветено е внимание и на животниот циклус на проектот, улогите на проект менаџерот, тимот и нивните потребни вештини. Исто така, опфатено е дефинирањето и планирањето на проектот, дефинирањето на проблемите, барањата, воспоставувањето на проектните цели и како се балансира со истите. Посветен е дел и на креирањето на разложена структура на работа, нејзина проверка и како се планираат и секвенционираат активностите и како се креира мрежен дијаграм и пресметува критичниот пат. Исто така, кои се и како се дефинираат пресвртните точки и што е Гантов графикон (Gantt charts). Во завршниот дел на материјалот е опфатен и проектниот ризик, како да се идентификува и како да

се одговори на истиот. Посветено е внимание и на начините на менаџирање со времето, трошоците и обемот и принципите на мониторинг и менаџирање на проектот. На крај, оценувањето и известувањето е претставено како начин за добивање на повратна врска за секој проект.

Авторите на едноставен начин и со јасен стил на ракописот сублимирано ја претставуваат материјата што се изучува во научна дисциплина. Комплексниот пристап кон содржините, од една страна, и намерата да се прикаже и потенцира практичното значење на овие сознанија, од друга страна, само го потврдува темелниот пристап во подготовката на скриптата.

Цитирана е литература од светско подрачје.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата го предложува следниов

**З А К Л У Ч О К**

Врз основа на изложеното може да се заклучи дека предложениот ракопис за интерна скрипта по предметот Проектен менаџмент е сосема во согласност со студиската програма и наставниот план на Машинскиот факултет. Скриптата од педагошки и научен аспект го поседува потребното ниво соодветно за студентите на прв циклус студии. Материјалот е квалитетно обработен и систематизиран. Ракописот е напишан на јасно разбирлив стил и на ниво достапно и разбирливо за студентите.

Поаѓајќи од наведените констатации и оцени за квалитетот на трудот, со особено задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип **да го прифати трудот „Проектен менаџмент“** од авторите: **доц. д-р Мишко Џидров** и **асс. м-р Емилија Ристова како рецензирана скрипта по истоимениот предмет.**

**Р Е Ц Е Н З Е Н Т И**

**Проф. д-р Радмил Поленаковиќ, с.р.**
**Проф. д-р Дејан Мираковски, с.р.**